ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Сл. Весник на Р. Македонија, бр.83 од 20.05.2015 година

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15 и 73/15), во членот 99 став (1) зборовите: „кои немаат третман на елементарна непогода" се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Максималната висина на помошта од ставот (1) на овој член нема да надминува 100% од утврдената загуба на приходот од продажба на земјоделски растенија и животни на земјоделски имот и штети на стаклености и пластеници."

По ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) Висината на помошта од ставот (2) на овој член се утврдува согласно со Годишните програми од членот 7 став (6) од овој закон."

Член 2

По членот 99-а се додава нов наслов и нов член 99-б, кој гласи:

„Дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани

Член 99-б

(1) По исклучок од членот 99 од овој закон Владата на Република Македонија може да донесе одлука за дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и на лица кои не се корисници на средства согласно со членот 14 од овој закон.

(2) Во одлуката од ставот 1 на овој член ќе се утврди максималната висина на помошта која не смее да надминува 100% од утврдената загуба на приходи од продажба на земјоделски растенија и животни на земјоделски имот и штети на стаклености и пластеници согласно со прописот од членот 99 став (3) од овој закон.

(3) Дополнителната помош од ставот 1 на овој член ќе се исплаќа како мерка предвидена во Годишните програми од членот 7 став (6) од овој закон."

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".